www.upoz.org.mk

Синдикален
# БИЛТЕН

СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД УПРАВАТА, ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ И ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ НА Р. МАКЕДОНИЈА

СИНДИКАТ УПОЗ

БР. 58 (2) АПРИЛ - СЕПТЕМВРИ 2010

### ДВАЕСЕТИСЕДМА СЕДНИЦА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ (01.07.2010 ГОДИНА)

## НЕЛЕГИТИМНА СМЕНА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ССМ



На седницата на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ уште еднаш се разговараше за настаните и проблемите со кои секојдневно се соочуваме. На седницата, членовите на Претседателството беа запознаени со нелегитимната постапка за смена на претседателот на ССМ од страна на таканареченото мнозинство синдикати. Од дискусиите произлезе заклучокот дека Синдикатот на УПОЗ и натаму ќе остане доследен во својата работа, ќе го почитува Статутот на ССМ ќе го гради единството помеѓу Синдикатите и Сојузот. Исто така се донесе Одлука за распишување на избори во синдикалните организации во Синдикатот на УПОЗ, како и информација за Шеснаесеттите спортски игри со што уште еднаш се покажа дека оваа традиција треба да продолжи.

Актуелните тековни состојби во ССМ беа главна тема на расправа на седницата на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ. Со промената на претседателот на ССМ се отворија многу прашања, се констатираа низа неправилности во постапката и начинот на кој беше направена смената, непочитување на Статутот и Деловникот за работа на ССМ. Со тоа за Синдикатот на УПОЗ, нелегална и нелегитимна е и смената на претседателот. Членовите на Претседателството беа едногласни во ставот дека целата постапка е нелегитимна, а со тоа и новоизбраниот в.д претседател, но и покрај се тие одлучија дека членовите на Советот на ССМ и натаму ќе учествуваат во работата на седниците на Советот. Од дискусиите произлезе заклучокот дека оваа промена за Синдикатот е нелегална затоа што не е во согласност со Статутот и Деловникот за работа на ССМ. Актуелните состојби во ССМ повлекоа низа проблеми, но истите не се одразија и нема да се одразат негативно врз работата на Синдикатот на УПОЗ, кој натаму ќе остане доследен во својата работа, ќе го почитува Статутот на ССМ и ќе го гради единството помеѓу Синдикатите и Сојузот.

►►►

### Распишани изборите во синдикалните организации и Синдикатот на УПОЗ

Согласно Одлуката за распишување и спроведување на изборите, тие ќе се спроведат од 06.09 до 20.10.2010 година. Изборите опфаќаат избор на Извршен одбор, претседател и заменик претседател на синдикалните организации, избор на делегати за VI Собрание на Синдикатот на УПОЗ, кандидати за претседател на Синдикатот на УПОЗ, можни членови за Советот на ССМ, делегати за конгресот на ССМ и кандидати за претседател на ССМ. Согласно Одлуката, синдикалните организации се должни да го известат Синдикатот на УПОЗ за денот на изборниот состанок и да достават записник најдоцна пет дена по одржувањето на Собранието. Собранијата на основните организации на УПОЗ треба да се одржат во времето од 6 септември до 20 октомври 2010 година.

Синдикалните подружници изборните состаноци треба да ги одржат во текот на септември со што ќе се овозможи навреме да се одржат Собранијата на нивните Синдикални организации. Изборните активности се остваруваат со свикување на Собрание на Синдикалната организација на УПОЗ (треба да присуствуваат само членови на синдикатот кое го свикува претседателот на Синдикалната организација со Одлука). Заради поголем одзив меѓу членовите одлуката треба да се истакне на видно место, а исто така да се обезбеди и усно информирање на членството во врска со одржувањето на Собранието.

Собранието може да работи само ако се присутни најмалку половината плус еден (51%) од членовите на Синдикалната организација. Во почетокот се усвојува Дневниот ред, потоа се предлагаат кандидати за претседател, заменик на претседателот и членови на Извршниот одбор. Бројот на кандидати може да биде соодветен на бројот што се бира, но може да бидат предложени еден или повеќе кандидати. Утврдување на кандидатите се врши со јавно гласање, а за утврден кандидат се смета оној кандидат за кого гласаат најмалку половина членови присутни на Собранието.

Гласањето може да се врши јавно или тајно. Ако се гласа за еден кандидат тогаш за избран ќе се смета кандидатот кој добил мнозинство гласови од присутните на Собранието. Истиот процент важи и во случај ако има повеќе кандидати. Ако во првото гласање има повеќе од двајца кандидати и никој не добие мнозинство гласови, во вториот круг на гласање одат двајцата кандидати со најголем број гласови. Ако и тогаш не се избере претседател се предлагаат нови кандидати. Изборната постапка ја води Изборната комисија, без разлика дали гласањето е тајно или јавно. Доколку гласањето биде тајно, Изборната комисија подготвува Извештај во кој ќе се констатира колку присутни имало во моментот на гласањето, колку гласале „за“ а колку „против“.



ДВАЕСЕТИОСМА СЕДНИЦА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ (21.09.2010 ГОДИНА)

# ОТЧЕТ ЗА РАБОТАТА НА СИНДИКАТОТ ВО ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД

**На дваесетиосмата седница на Синдикатот на УПОЗ се расправаше за Предлог - Извештајот за работата на Синдикатот меѓу Петтото и Шестото Собрание како и за Програмските насоки за работата и дејствувањето на Синдикатот во периодот кој следи. Како заклучок од сето ова произлезе дека Синдикатот и покрај сите предизвици и искушенија од различни страни, ќе продолжи со борба за подобрување на општествената положба, со заштита на правата на работниците, и ќе тежнее кон подобар живот и достоинство на трудот бидејќи секој има легитимно право да бара унапредување на сопствената положба.**



Работата на Синдикатот на работниците од управата, парвосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија (Синдикат на УПОЗ), во периодот меѓу двете собранија беше период во кој Синдикатот доследно се бореше за подобрување на општествената положба и статусот на своите членови и вработените во кои тој делува. Но, ова беше и период на многу предизвици, искушенија, и соочување со многу проблеми предизвикани од вкупните состојби во државата како и борба од непримерните политички влијанија врз Синдикатот и неговите членови.

Улогата на Синдикатот во една држава е голема и затоа бара негова независност од интересите на политичките опции или структури во државата. Но реално и за жал многу често се злоупотребуваат неговите членови како инструмент за добивање политички поени.

Ова беше период на превирања, период на екомномска криза, пад на животниот стандард на населението, низа загрозени синдикални права и уште толку негативни појави. Ако на сето ова се додадат и политичките тенденции и превирања во државата, тогаш јасно е и каков беше социјалниот дијалог помеѓу Синдикатот и Владата. Години наназад е карактеристична појавата на непостоење на вистински дијалог меѓу нив и затоа не можеме да кажеме дека сме задоволни, поради севкупното однесување на Владата како најголем работодавач на вработените во јавниот сектор. Сепак зацртаните активности Синдикатот успеваше да ги оствари иако неговото дејство беше ограничено заради непостоење на социјалниот дијалог. Беа унапредени и остварени правата од работен однос во неколку организации, беа потпишани неколку квалитетни колективни договори, беше сочувана организацијата од сите надворешни па дури и внатрешни влијанија насочени кон слабеење на Синдикатот со тенденции тој да биде деорганизиран па дури и расформиран.

Претседателството на Синдикатот на УПОЗ како највисок орган меѓу двете собранија, потоа Извршниот одбор како и Статутарната комисија настојуваа да ги поттикнат активностите кои се од најнепосреден интерес на членството. Нивното дејствување беше насочено кон решавање на актуелните проблеми на членството и организацијата на Синдикатот, секојдневните средби, состаноци и контакти во синдикалните организации и подружници и реализација на програмските цели и задачи. И покрај некои воочени слабости во работењето што е составен дел од секоја работа, сепак можеме да констатираме дека во изминатиот период е изграден солиден и цврст темел на целокупната организација на Синдикатот, соодветна и коректна соработка со работодавачите и добра соработка со синдикатите во земјата и странство. Она што е особено значајно, заеднички успеавме да изградиме добра и финансики стабилна организација.

Синдикатот на УПОЗ во периодот меѓу двете Собранија дејствуваше во повеќе насоки и тоа: остварување на економски и социјални права, односно правата кои произлегуваат од колективните договори, платите, надоместоците, правната помош, застапување пред судските органи, помош на членовите од Солидарниот фонд, како и едукација, меѓународна соработка, спортско рекреативни и други активности. Исто така дејствуваше и во донесување на новиот Закон за работни односи, од каде што со неговото усвојување произлезе и обврската за усогласување на Општиот колективен договор со измените на Законот, гранските како и колективните договори на ниво на работодавач, потоа во промена на работното време, воведување на системот бруто плата, Закон за судска служба, зголемени плати на судските службеници, Колективни договори, како

►►►

◄◄◄

и измени и дополнување на Законот за работни односи.

Ако се свртиме малку назад и подобро ги анализираме сите случувања, проблеми и искушенија низ кои поминуваше Синдикатот на УПОЗ во изминативе пет години, тешко дека можеме да бидеме задоволни. Меѓутоа ако реално ги вреднуваме активностите и постигнувањата и покрај се, навистина можеме да бидеме задоволни. Покрај сите удари заеднички успеавме да го сочуваме и тој и натаму да претставува значаен фактор во нашето општество признаен како репрезентативен синдикат во Република Македонија.

Во иднина треба заеднички и секојневно да тежнееме кон тоа дека подобриот живот и достоинството на трудот не се резервирани само за пратениците, министрите и раководителите туку дека секој има легитимно право да бара унапредување на сопствената положба.

## ПРОГРАМСКИ ЦЕЛИ ЗА НАРЕДНИОТ ПЕРИОД

Како основен показател за работата на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани (УПОЗ) се Програмските насоки на дејствување според која Синдикатот ќе ги остварува своите активности.

Поаѓајќи од ваквото начело Синдикатот на УПОЗ своите програмски цели и задачи ќе ги насочува кон промоција, афирмација и заштита на економските и социјални права и интереси на своето членство и ќе се залага за остварување на нивните права од работен однос гарантирани со Уставот на РМ, законите, колективните договори и други прописи. Во наредниот период Синдикатот на УПОЗ и натаму ќе се бори за остварување на социјалниот дијалог, меѓународната соработка, задржувањето и зачленување на нови членови како и борба за нивните права.

Синдикатот на УПОЗ ќе води вистинска синдикална борба, пред се преку постојните механизми, за регулирање на социјалните односи. Својата стратегија ќе ја гради врз принципите на рамноправен социјален партнер и фактот дека Синдикатот на УПОЗ е слободен и независен субјект во општеството, ослободен од контролата на државните органи, влијанието на политичките партии, економската моќ на поединци и други општествени групи и слоеви.

Меѓутоа, остварувањето на планираните активности во најголем дел ќе бидат условени и од одговорноста на членството, органите и организациите во изградбата и реализацијата на донесените ставови на синдикатот, единството во самостојноста и солидарноста во спроведување на истите.

Синдикатот во својата работа како и досега мора да биде автономен и независен. Тој може да се здружува со други синдикати ако за тоа донесат Одлука надлежните органи и доколку тоа здружување би можело да биде корисно за развојот на Синдикатот.

Бидејќи економскиот развој на земјава и целосната вработеност на работоспособното население се основа за општествениот напредок и порастот на личниот стандард на населението, Синдикатот на УПОЗ постојано ќе го поттикнува вработувањето.



Синдикатот во своето дејствување ќе биде посветен на на унапредување на човековите права и слободи во остварување на социјалната правда на сите нивоа во државата, остварување на слободата на синдикалното дејствување, право на зачленување и организирање во Синдикатот, осигурување на навремена и стручна заштита на своето членство, зајакнување на синдикатот со зголемување на бројот на членовите и поголема финансиска помош (преку Солидарниот фонд), синдикално оспособување на членството преку семинари, советувања, колективно преговарање и синдикално организирање во заштитата на работа, унапредување на работата на регионалните синдикални совети и канцеларии, јакнење во сите облици на делување низ одбори, комисии и други форми на организација, успешна соработка со соодветните синдикати од странство, како и афирмација, промоција и заштита на членовите пред се, нивните економски, социјални и други поединечни и колективни права и интереси.

Како приоритет во наредниот период е и формирање на нови синдикални организации и зачленување на нови и млади членови. Поради влијанието на работодавачите овој процес е бавен и од тука се наметнува потребата за зачувување и на постојаното членство.

Како заклучок од произлезеното до сега со сигурност можеме да кажеме дека Синдикатот на УПОЗ активно ќе се стреми да ги оствари своите цели во наредниот период.

ДВАЕСЕТИДЕВЕТТА СЕДНИЦА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ (03.11.2010 ГОДИНА)

# ЗАВРШИЈА ИЗБОРИТЕ ВО СИНДИКАЛНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

**Дваесетидеветтата седница беше последна седница на Синдикатот на УПОЗ во периодот помеѓу двете собранија. На оваа седница беа донесени повеќе Одлуки за одржување на највисокиот собир на Синдикатот на УПОЗ, VI-то Собрание. На седницата беа утврдени неколку листи за органите и телата на Синдикатот на УПОЗ.**



На XXIX- тата седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ беа усвоени повеќе одлуки од непосредна важност за одржување на Шестото собрание на Синдикатот. Така, на седницата беше донесена Одлука, Шестото Собрание на Синдикатот на УПОЗ да се одржи на 21.12.2010 година во Скопје.

За работата на Собранието беше донесен Деловник за работа со кој се регулира начинот на работа на Собранието на Синдикатот на УПОЗ. Според истиот во работата на Собранието ќе учествуваат избраните делегати во синдикалните организации и членовите на Претседателството како делегати по функција. Исто така во работата на Собранието ќе учествуваат членовите на органите на Синдикатот, Надзорниот одбор, Статутарната комисија и други.

Овој Деловник има карактер на Собраниска одлука и истиот ќе се усвои со јавно гласање на седницата на Собранието. Исто така беше утврдена листа на делегати и според Одлуката за бројот и составот на делегатите за Шестото собрание тој ќе изнесува 64 од кои 40 предложени од синдикалните организации и 24-те членови на Претседателството. Согласно Одлуката за бројот и составот на Претседателството него ќе го сочинуваат претставници од синдикалните организации и ќе изнесува 19 члена. Во Претседателството на Синдикатот на УПОЗ со по еден претставник ќе партиципираат само синдикалните организации кои имаат над 100 членови. Според Одлуката за бројот и составот на Надзорниот одбор, него ќе го сочинуваат 3 члена и тројца заменици. На седницата согласно Одлуката за утврдување на можни кандидати за претседател на Синдикатот на УПОЗ и врз основа на предлозите од синдикалните организации, Претседателството на Синдикатот на УПОЗ го утврди Пецо Грујовски за кандидат за претседател. Тој е досега предложен од повеќе од 75% од синдикалните организации, односно 80% од вкупното членство.

На оваа седница беше разгледуван и Предлог-Статутот на Синдикатот на УПОЗ. Со овој Статут се утврдува целта, внатрешната организација, името, седиштето, подрачјето на дејствување, симболот, органите и телата на Синдикатот, начинот на нивниот избор и отповикување, постапката, зачленувањето и престанувањето на членството како и начинот на одредување на членарината. Со новиот Статут се задржуваат повеќето решенија од постојниот Статут, но има решенија кои значат допридонес во смисла на пофлексибилно работење, како и подобра организираност во работата на Синдикатот на УПОЗ.

(ОД 3 - 6 ЈУНИ 2010 ГОДИНА)

# СЕ ОДРЖАА ШЕСНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ

*По шеснаесетти пат оваа година, од 03 до 06 јуни во хотелот „Еврохотел“ во Струга се одржаа спортските игри на Синдикатот на УПОЗ. Со продолжување на оваа убава традиција, членовите на Синдикатот на УПОЗ уште еднаш имаа можност во спортски дух и дружење заеднички да поминат три незаборавни дена. На игрите се натпреваруваа 16 екипи, кои се погрижија игрите да поминат во во добро дружење и фер натпревари. Тие се натпреваруваа во осум дисциплини во машка конкуренција, каде што за првпат оваа година беше воведена дисциплината тенис која се играше во официјалниот дел, и седум во женска конкуренција. Како и предходните години така и оваа, по петти пат на игрите учествуваа 50-тина колеги од Синдикатот на државните и локалните службеници на Хрватска. Игрите ги отвори Претседателот на Синдикатот на УПОЗ, Ванчо Муратовски кој накусо се осврна на некои позначајни активности на Синдикатот во наредниот период. На Шеснаесеетите спортски игри беа постигнати следниве резултати:*

## *Севкупен победник на игрите:* - Локална самоуправа Карпош.

**Севкупен победник во машка конкуренција е екипата на судовите од Апелационото подрачје Скопје.**

**Севкупен победник во женска конкуренција е екипата на Локалната самоуправа Струга.**

**Наградата за фер-плеј оваа година им припадна на сите екипи учеснички.**

### Машка конкуренција - прво место:

- **Мал фудбал** Локална самоуправа Карпош
- **Кошарка** Апелационо подрачје Скопје
- **Одбојка** Агенција за катастар на недвижности
- **Пинг Понг** - Фонд за ПИОМ
- **Шах** - Апелационо подрачје Скопје
- **Стрелаштво** - Локална самоуправа Карпош
- **Крос** - Регионален синдкален совет Велес
- Тенис - Апелационо подрачје Скопје

### Женска конкуренција - прво место:

- **Пикадо** - Фонд за ПИОМ
- **Баскет** - Локална самоуправа Струга
- **Одбојка** - Фонд за ПИОМ
- **Пинг-Понг** - Локална самоуправа Карпош
- **Шах** - Агенција за катастар на недвижности
- **Стрелаштво** Локална самоуправа Струмица
- **Крос** - Локална самоуправа Струга
- **Заедничка дисциплина - Влечење јаже** Агенција за катастар на недвижности

И покрај некои пропусти, генерално може да се каже дека Шеснаесеттите спортски игри и средби на Синдикатот на УПОЗ беа добро подготвени и организирани, учесниците беа задоволни од севкупната организација, можноста да се дружат и забавуваат и да ја продолжат традицијата која опстојува веќе шеснаесет години.



**IMPRESSUM**

**Гласило на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ**

12 Ударна бригада 6б–Скопје,
тел./факс: 02/32–30–829;
02/31–26–351;
www.upoz.org.mk

• Билтенот го подготвува и уредува: **Марта Атанасовска**

• Компјутерска подготовка: “Макформ”– Скопје